**О Д Г О В О Р**

**НА ПРИГОВОРОТ**

Одговор на приговорот поднесен од проф. д-р Орце Спасовски до деканот на Факултетот за природни и технички науки, а официјално препратен до Рецензентската комисија, кој се однесува на објавениот **РЕФЕРАТ за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област лежишта на минерални суровини** на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во Универзитетскиот билтен бр. 159 од 1.12.2015 год.

Официјално доставениот приговор до Рецензентската комисија во состав: д-р Тодор Серафимовски, редовен професор (претседател), д-р Блажо Боев, редовен професор (член) и д-р Трајче Стафилов, редовен професор (член), беше внимателно и детално прочитан и проучен и Комисијата во наведениот состав го дава следниот одговор во форма на текстуален извештај:

Поднесениот приговор се однесува на два сегмента, во делот на составот на Рецензентската комисија и во делот на бодирањето на НО, НИ и САОР.

Рецензентската комисија е избрана од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев", на кој се повикува и поднесувачот на приговорот. Веднаш да кажеме дека двата први члена на Рецензентската комисија припаѓат на полето на применета геологија и геофизика каде што припаѓаат областите лежишта на минерални суровини, геохемија, минералогија и петрологија (Службен весник на Република Македонија бр. 103 од 30 јули 2010 год.), со што може да се констатира дека нема прекршување на Законот и Правилникот, посебно што ние сме мал геолошки оддел со вкупно 12 наставници кои партиципираме во еден единствен Наставнички совет и сметаме дека секој од нив кој го има највисокото звање може да ги рецензира останатите од наведената бројка. Исто така, Рецензентската комисија беше едногласно изгласана на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, Одлука бр. 1702-287/20 од 22.10.2015, согласно со член 36 став еден, член 38 став 1 и особено став 2, според кој соодветноста и сродноста од став 1 од овој член ја утврдува Наставно-научниот/Наставничкиот совет од Правилник за критериуми и постапка во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев", објавен во Универзитетски гласник бр. 33 од јуни 2015 год.

Што се однесува до третиот член на Комисијата, тој посебно е избран од Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за хемија, бидејќи е еминентен научен работник во полето на аналитичката хемија, хемијата и геохемијата. Воедно, овој член на Рецензентската комисија беше и рецензент на универзитетскиот учебник „Геохемија на флуиди" кој претставува основен учебник за наставната дисциплина Геохемија на флуиди, што кандидатката проф. д-р Виолета Стефанова подолго време ги организира и изведува предавањата по оваа задолжителна дисциплина во VI (шести) семестар на Одделот за геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Во однос на вториот сегмент од Приговорот, кој се однесува на делот на бодирањето (НО+НИ+СУ+САОР), поднесувачот на Приговорот вели дека не располага со документацијата што ја приложил кандидатот.

Имено, поените кои се внесени во Табелата на активности кои се бодират при изборот во звање (НО+НИ+СУ+САОР) се согласно со Правилникот за критериуми и постапка во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев", објавен во Универзитетски гласник бр. 33 од јуни 2015 год. и образец ОВ.06.37., на кои поднесувачот на Приговорот воопшто не се повикува и ги нема консултирано, односно

веројатно своето видување во однос на бодирањето го има направено врз основа на еден од претходните правилници кои се надвор од употреба. Со ова ние како Рецензентска комисија констатираме дека кој било одговор по одделните точки кои поднесувачот ги издвоил е непотребен. Воедно, Комисијата сака да потенцира дека и покрај фактичката состојба што ја посочуваме ние уште еднаш детално ги погледавме поднесените материјали и сите оние кои се наоѓаат пристапни на Репозиториумот и утврдивме дека сè што е презентирано во Извештајот во објавениот Билтен е веродостојно.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од сето гореизнесено Рецензентската комисија смета дека Приговорот по Рефератот за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област лежишта на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, објавен во Универзитетски билтен бр. 159 од 1.12.2015 год., поднесен од проф. д-р Орце Спасовски од Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип е неоснован и во некои негови делови е тенденциозен, што директно го повредува единствениот пријавен кандидат за избор во повисоко звање, согласно со позитивните законски акти во државата и на Универзитетот.

На крајот, уште еднаш, Рецензентската комисија едногласно и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки да го усвои нашиот предлог и Предлог – одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за кандидатката проф. д-р Виолета Стефанова да ја избере за наставник во звање **редовен професор** за наставно-научната област лежишта на минерални суровини.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Тодор Серафимовски, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Блажо Боев, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Трајче Стафилов, редовен професор, член, с.р.**